Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија,** за интервенција на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 18 (осумнаесет) дрвја (7 дудинки, 4 јасени, 3 орев, евла, јавор и брусонеција) и расчистување на самоникната ниска вегетација, што се наоѓаат во кругот на објектот на Комисијата за оценка на работна способност **на ул. „Варшавска“ бб – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата и расчистувањето на самоникнатата ниска вегетација ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата и расчистувањето на самоникнатата ниска вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, ул. “23 Октомври” бр. 11 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/374** од **31.05.2023** година, за кастрење на дрвјаи за расчистување на самоникната ниска вегетација, кои се наоѓаат во кругот на објектот на Комисијата за оценка на работна способност на **ул. „Варшавска“ бб – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.

При тоа, е утврдено дека дрвјата предмет на барањето се стари стебла, високи, имаат широко разгранети крошни со суви и кршливи гранки, како и гранки надвиснати над улицата.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 4 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и поради состојбата во која се наоѓаат дрвјата е потребно да се искастрат.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/374/11**
**15.06.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

______________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**

______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________________